**20261602425**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23 и 146/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 јули 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.27/26 и 53/26) во делот IV во табелата подмерката 3.11. се брише.

II

Во дел XV во ставот 3 зборовите „31 август 2026 година“ се заменуваат со зборовите „30 септември 2026 година“.

Во ставот 5 зборовите „14 јули 2026 година“ се заменуваат со зборовите „30 септември 2026 година“.

III

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5774/7
14 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.